**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До:**
[redacted]

Бр. 12-3664/2

Скопје 22.08. 2018г.

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитуван,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 08.08.2018 година, заверено со наш бр.12-3664/1 од о8.о8.2о18 година, Ве известуваме за следното:

Над Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, со Решение Ст.бр.248/17 од 16.о3.2о18 година на Основен суд Битола, е отворена стечајна постапка и назначен е стечаен управник, [redacted]. На барање на Агенцијата, на ден 20.06.2018 година од стечајниот управник на ТРД РТВ Орбис Битола ДООЕЛ – в0 стечај, доставен е допис од 12.0б.2018 година, во кој е наведено дека на 18.об.2о18 година ќе се одржи Извештајно собрание на кое ќе се одлучува дали ќе продолжи деловниот потфат на друштвото и дали ќе се прифати предлог иницијативата за план за реорганизација од стечајниот управник. Агенцијата, нема добиено информација за исходот од одржаното Извештајно собрание, ниту пак информација за тоа дали има промена на бројот и структурата на вработените лица или други евентуални промени в0 ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по добивање на бараните информации, соодветно ќе постапи за дадената ситуација согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Иматeл на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел.+ 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk